СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-1808/32
30.03.2021 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 54-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 30.03.2021 година

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 54-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
Заради утврдување на присутноста на советниците на седницата предлагам поединечно повикување .
РИСТО САКАЛИЕВ: Мирјана Гркова
МИРЈАНА ГРКОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ:Горица Пеливанова Вилхем
М-р ГОРИЦА ПЕЛИВАНОВА ВИЛХЕМ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Виолета Димитрова
ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Василка Дрварова
ВАСИЛКА ДРВАРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Весна Ѓорѓиева
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Развигор Кабранов
РАЗВИГОР КАБРАНОВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Митко Камчев
МИТКО КАМЧЕВ:Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Анита Гинова Каракутова
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Душица Крстиќ
ДУШИЦА КРСТИЌ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Божанка Минова
БОЖАНКА МИНОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Тони Нешковски
ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ :Драганчо Николов
ДРАГАНЧО НИКОЛОВ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Петар Николов. Тука.
Ташо Радњански . Ристо Сакалиев .
Јосиф Стојанов
ЈОСИФ СТОЈАНОВ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Блаже Тасев
БЛАЖЕ ТАСЕВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Никола Трендафилов тука и
Туриманџов Лазар.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Тука .
На седницата присуствуваат 19 советници , отсутни нема .
Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ : Ристе процедурално нешто имам.
РИСТО САКАЛИЕВ : Повели.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Вака . Прво имам две работи . Прво едната сакам искрено сочувство, прво да ги поздравам сите советници, Градоначалникот, Претседавачот на советот . Вака имам две работи. Прво , првата работа ви знајте дека еден наш соограѓанин почина пред, тоа е глумецот и пеачот Зафир Хаџиманов, па имам една инцијатива мислам дека сите советници ќе се сложите да напрајме една Комисија застапена од членови од Совет, културни институции и да можиме у најбрзо време да у негова чест да именујме дали некоја улица, дали културна институција , мислам дека човекот има доста направено за Кавадарци, Кавдарчанец и ние како град, како Совет, како Градоначалник тоа треба мислам дека ќе добијам согласност од вас. Благодарам унапред. И втора работа што ми е процедурално наменета е до вас Претседателе . За короната правееме пред две недели муабет, нeќу да правам сега муабет. Кога у градот работе се Претседателе, од кафиќи , ресторани, се , Општината работе,се работе, комисиите ги одржуваме физичко, мислам дека доста е со вија онлајн седници . Се работе у градот , се, само Совет на Општина Кавадарци работе онлајн. Кафиќи, ресторанти, општини , институции фул работат, сите . Пред една недела правееме за корона муабет, ништо не се деси. 142 има починато у Кавадарци од корона, крајно време е Претседателе, ова е критика позитивна до вас Советот на Општина Кавадарци да си работе , ние имаме услови и за дистанца и за се и друга една работа шо ми пречe дополнителен материјал Претседателе ни праќаш уште на мејл, седницата почна , а ви си праќате дополнителен материјал, 12 06 е последниот мејл пратен за дополнителен материјал. Прекините го веќе воа еднаш.Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам колега. Вака првата точка не би ја прифатил како да е процедурална ради тоа што тоа е точка за која ќе се дискутира во друго време, позитивно е прифатена и од Градоначалникот и од советниците . Втората точка јас правам споредба со другите градови, 90 % прават онлајн седници , шо не е спорно и ние да се договориме со кординација да одиме со физичко присуство ради вчерашната Комисија и координација се договоривме да биде онлајн, ако вие

се договорите да биде така, можеме и така, али од респект према граѓаните дека ние не сме како пример кој примерби го гледале ја мислам попродуктивно и подобро за сите нас е да бидеме онлајн, али мнозинството одлучува , ако се договориме наредна седница да биде така, ќе биде така . Колеги ја сумљам и у просториите , условите , подобро да бидеме внимателни, али ако се договориме така , нека биде така .

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Процедурално е исто така.. Би ги поздравила Претседателот на Советот и Градоначалникот, почитувани колеги советници, почитувани граѓани, јавност се сложувам со колегата Лазар Туриманџов во неговото излагање. Првен значи не е процедурално, него си има пропис шо одредува кога треба да го добиеме материјалот , значи сеуште неколку мејлови што ги имаме од 11 30 сеуште стигаат , у 12 е седницата сеуште стигаат 12 05, кога да го разгледаме , значи прво неаме време треба да го исчитаме материјалот , второ истиот не е разгледан на комисии, сега кога ќе го миниме на Совет, друго во врска со процедуралниот прекршок исто се сложувам со колегата Лазар Туриманџов за физичко присуство на седницата, ние иаме значи Дом на култура кај шо може да ги запазиме сите стандарди . Сметам дека во интерес на граќаните, во интерес на јавноста, запознавање на тоа што одлучуваме и тоа шо го дискутираме е да се одржуваат седниците со физичко присуство, па ако сметате дека се донесуваат ногу битни прашања, многу битни одлуки за битни прашања кои шо ги тангираат граѓаните , а ние имаме онлајн седници во кои само вие Почитуван Претседателе го прочитувате Дневниот ред и не ни прашувате кој е за, кој е против си поминува се и ние не сме во можност да ве следниме, а не граѓаните од тој аспект . Благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке ако имам некои кривици се извинувам , ја мислам дека по секоја точка давам право да се изјасните и да дискутирате , не е ускратено правото да дискутираш онлајн исто е дали си во живо или си онлајн , значи на никој не сум го ускратил да дискутира по било која точка , да дава предлози . Овие шо се забелешки се на место, но има некои ситни работи, некои измени се некоја запирка и сега ви пуштаат по мејл, сите работи вчера на Комисија ги поминавме , по сите точки, ја сум присутен на сите комисии, дел од советниците сега сами да се критикуваме сами себе не наоѓаат засходно да дојдат и на комисија, комисијата не е онлајн и викат Претседателе ние ќе дојдиме само на крај колку да се потпишиме, тоа не е ок од советниците . Дали на некоја седница ја не сум бил присутен , не сум бил на сите комисии и сега вие за јавоста на седница сакате да се појавите на телевизија да ве видат , а комисии кога треба да работите од дома до тука ви е тешко да дојдите, ради тоа шо е корона и ви е проблем за внатре, корона да да не идите и ви е проблем во простории.

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Не е така. Ја би сакала да одговорам во врска со ова , со присуството у комисиите, мислите тоа шо у повеќето наврати сум разговарала со вас и со претседателите на останатите комисиим, значи на некој од вас за жал приорет од работата не му е овозможено од работата да излезат за време комисиите, дури и сега јас сум у тек со седницата на Совет, некои од вас дискутираат онлајн од работа . Јас имам еден апел до вас комисиите да бидат после 16 30 ако некој не е присутен, нека му се кратат паушал.Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке благодарам не е проблем ни можеме и покасно да ги прајме комисиите како ќе се договориме како советници мнозинство секогаш одлучува, ако речиме навечер у 18, у 18 не е никаков проблем, значи забелешките ги прифаќаме, малку и самокритични треба да бидеме не само вината да ја ставаме на друг. Ај ако нема уште некој друг нешто.
ДУШИЦА КРСТИЌ: Ја сакам да кажам Претседателе . Зошто чекам пола саат да бидам уклучена дури сега ме уклучија . Забелешка една, не е можно, чекам 20, 25 минути.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке се извинуваме ние у 12 15, 15 минути денеска закаснаме , се извинуваме .
ДУШИЦА КРСТИЌ: Значи не е до мене, некој да ме уклуче за ја да присуствувам .
РИСТО САКАЛИЕВ: Да ама системот имаше проблеми .
ДУШИЦА КРСТИЌ: Добро да не се случе другпат така.
РИСТО САКАЛИЕВ: Нема да се случи. Друго?
ДУШИЦА КРСТИЌ :Толку.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Тука сме сите советници , ако сме сложни другата седница нека не биде онлајн, нека биде у Домот на Културата. Сите одиме на работа, сите одиме .
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги по протоколите ќе се договориме пред седница, како ќе се договориме така,на мнозинството е секогаш одлуката . Можеме ли да одиме или имате некој нешто да каже?
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Еве Ристо направи го воа, стајте го таму Градоначалникот , нека се напрае една комисија .
РИСТО САКАЛИЕВ:Тоа е нормално, ќе го напраиме , па после ги праќаме во министерство во Скопје тие да ни одобрат дали може или не може.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Нека се убрза прво.
РИСТО САКАЛИЕВ : Ќе се убрза , во мандатот наш да биде, да не биде после нас .

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 53-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.03.2021 година.

Дали има забелешки по Записникот од 53-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Колеги има или нема ? Нема .

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 53-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.. Има ли некој воздржан?

Доколку нема, може ли да утврдиме 19 за? Едногласно усвоено.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 53-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година:
2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;

3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2021 година;

   Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка

   Предлог-Програма за изменување и дополнување на програмата за комунални дејности за 2021 година, согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред,

   Кој е за? Се извинувам има ли против, воздржани? Нема , едногласно за.
4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на програмата за комунални дејности за 2021 година .
5. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за Одлуката за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;
6. Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци;

   Точка 8 СЕ ИЗЗЕМА понатаму редоследно се менува бројот на точките;
8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
9. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;
10. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од надоместок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса;
11. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување во врска со судски предмет П4 бр.12/21, поведен пред Основен суд Кавадарци;

    Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка 12. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.5/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред, Дали има воздржани и против? Нема, доколку нема утврдуваме 19 за.

    12. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.5/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

    Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка 13.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.13/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред,

Има ли воздржани, против? Нема едногласно за.

13. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.5/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
14. Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на закупнина;

Точка број 15 се сменува во насловот и тоа ,

15. Предлог-Одлука за обесштетување на сопственици на деловни објекти лоцирани на Градски Зелен Пазар Кавадарци, заедно со Амандман .
16. Предлог-Одлука за основање на Доброволно Противпожарно Друштво,, Сашко Гешовски,, Кавадарци;

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка 17. Предлог-Програма за дејствување на Доброволно противпожарно друштво Сашко Гешовски Кавадарци согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред,

Има ли воздржани и против? Нема едногласни 19 за .

17. Предлог-Програма за дејствување на Доброволно противпожарно друштво Сашко Гешовски Кавадарци
18. Предлог- измена и дополнување на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2021 година;
19. Предлог-Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвертар, сопственост на Општина Кавадарци;

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка 20. Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари иманифестации од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци,

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред,

Има ли воздржани и против? Не едногласно .

20. Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари иманифестации од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци
    Ја изгласавме едногласно 19 за.
21. Годишен Извештај со арх.бр.02-288/2 од 11.03.2021 за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
22. Одлука за заложување со арх.бр.02-322/3 од 22.03.2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

23. Предлог-Измена и дополнување на Годишен План за вработување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ЈП„Комуналец „ Кавадарци.

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка

24. Одлука со арх.бр.02-354/4 од 26.03.2021 година за донација на Градски фудбалски клуб 1930 Тиквеш Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;,

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред,

Дали има воздржани и против? Нема, едногласно. Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка.

24. Одлука со арх.бр.02-354/4 од 26.03.2021 година за донациј на Градски фудбалски клуб 1930 Тиквеш Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

25. Годишен План за вработување во СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли против и воздржани? Нема, едногласно усвоен .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка

25.

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Одлука со арх.бр.02-69/4од 11.03.2021 година за отпис на стари , неупотребливи предмети во училиштето, донесена од Училишен одбор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против? Не едногласно донесена одлука.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 26.

26.Одлука со арх.бр.02-69/4 од 11.03.2021 година за отпис на стари, неупотребливи предмети во училиштето, донесена од Училишен одбор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци.

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Годишен План за вработување во ООУ„Димката А Габерот „ с.Ваташа за 2022 година, донесен од Директорот ООУ„Димката А Габерот „ с.Ваташа;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Дали има воздржани и против? Не едногласно 19 за.
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 27.
27.Годишен План за вработување во ООУ„Димката А Габерот „ с.Ваташа за 2022 година, донесен од Директорот ООУ„Димката А Габерот „ с.Ваташа;Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Годишен План за вработување во ООУ„Тошо Велков - Пепето „ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Тошо Велков - Пепето „ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против? Не . Едногласно за.
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 28.
28.Годишен План за вработување во ООУ„Тошо Велков - Пепето „ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Тошо Велков - Пепето „ Кавадарци;;Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Годишен План за вработување во ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Страшо Пинџур „ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Дали има воздржани и против? Не едногласно 19 за.
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 29.
29.Годишен План за вработување во ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Страшо Пинџур „ Кавадарци;;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Годишен План за вработување во ООУ„Димката Ангелов Габерот „ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Димката Ангелов ГАБЕРОТ „ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против? Нема едногласно за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 30.

30.Годишен План за вработување во ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Димката Ангелов габерот „ Кавадарци;;Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Годишен План за вработување во ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Тоде Хаџи Тефов „ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли против и воздржани? Не 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 31.

31.Годишен План за вработување во ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Тоде Хаџи Тефов „ Кавадарци;;

Дали има и други предлози за измена и дополнување на дневниот ред?

Нема . Доколку нема ваквиот дневен ред .

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА : Процедурално.

РИСТО САКАЛИЕВ: Повели колешке.

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Исчитавте 31 точка од дневен ред.Така ако не сум грешка? 31 точка има дневниот ред?

РИСТО САКАЛИЕВ: 31 исчитав .

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Ја само би лоцирала со решението 08-087 со кое е закажана седницата ние имавме само 18 точки од Дневниот ред во контекст на она што претходно кажав, значи во ред е да се ставаат и дополнуваат пред седница да се дополнува со некои што се точки по кои што имаат .

РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке ништо не ве разбрав . Ако може , се извинувам ништо не ве разбрав пополека .

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Значи во ред е ако се исполнува дневниот ред со некои точки, кои што се од ургентно значење или се итни, значи тоа , вие ни го дуплиравте Дневниот ред пред усвојување. Само тоа затоа процедурално побарав.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке овие точки што се План за вработување во училиштата тоа се 5-6-10 точки една е таа план за вработување во сите основни и средни училишта и сега ние брзаме, тоа треба до крај на месец март да се дади во Скопје за да имаме прилика овие шо се празни места да ги пополниме во училиштата.

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Ами Ристо чекаате ли 30 март ,па да го направите воа .

РИСТО САКАЛИЕВ: Се извинувам јас, ама училиштата така дале, закасниле . Не е проблем тоа али ради завршните сметки ги прават до 28/29. Толку му е кратко Училешен одбор еден ден завршува и училишните сметки одма ги ги даваат .

Ама тоа не е некоја тема или некој материјал нштo треба да го гледаме бог знае колку.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ама Ристе тоа е , извини Претседателе , ама тоа е наша работа дали ќе го гледаме и дали ќе дискутира некој.
РИСТО САКАЛИЕВ: Не ние можеме да гласаме да или не, нема шо да му гледаме . План за вработување дава директорот и вика треба тоа и тоа и ти како советник треба да кажиш давам , не давам , нема шо да гледаш нема материјал, пензионирал двајца, треба двајца да влезат.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Има, има и таа не е твоја работа Претседателе дали има или нема . Ти можиш да си кажиш за тебе Претседателе.
РИСТО САКАЛИЕВ Така ама ние сега гласаме по планот на училиштето , дали му даваме вработување или не .
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Не е само планевите Претседателе .Има дуплирано, цел дневен ред е дуплиран од 18 допишан на 32 точки и не се само плановите на школите . Имате и правилници, имате и еден куп други работи што вметнати , програми, измени во програми.
РИСТО САКАЛИЕВ: Ако одите на гласање, ако сакате пола материјалот денес, пола утре да правиме две седници , утре пак да се собериме и овие точките програмите да ги гледаме утре, ако сакате така , ај да видиме кој е за таа комбинација . Кој е за да имаме и утре седница ? Има ли? Значи нема никој.
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Значи Претседателе вие манипулирате со нас . Значи се знае дека дневниот ред и материјалите со него се доставуваат 7 дена пред седница.
РИСТО САКАЛИЕВ :Колешке.
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА :Значи не предложив јас да има две седници . Кога не сме испаднале во пресрет, кога не сме поминале нешто што е суштинско значење дали за школи, дали за Општината, или за било кој, значи само ја незнам значи по 100-ти пат кажуваме дека не е во ред да ни се даваат толку касно материјалите и точките .
РИСТО САКАЛИЕВ: Колешке ок сега ви дали како советничка конкретно барате да одложам седница, да закажам утре. Дај предлог конкретен и одиме со гласање .
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Претседателе конкретен предлог немаше, само забелешка , конкретен предлог.
РИСТО САКАЛИЕВ: Забелешката ја прифаќам. Ти се извинувам и готово. Нема шо повеќе . Значи ако е забелешка, конкретен предлог , да одиме со предлогот ..
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Еве у 12 06 имаш мејл за донесување на урбанистички план во населено место Глишиќ. Кој ќе го разгледа воа?
ГРАДОНАЧАЛНИК: Во 12 04 стигна од Министерството.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колега вчера на Комисија го гледавме и чекавме од Министерство да стигне . Значи ние вчера го разгледавме на Комисија , беше образложено , го изгласавме , ама службите рекоа ако не стигне , нема да ја ставиме точката и сега у 12 05 стига у 12 06 го препраќаат .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Ставете го на другата седница .
РИСТО САКАЛИЕВ :Ама хитно е.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Хитно е а?

РИСТО САКАЛИЕВ: Хитно треба да се гради , нема да чекаме за месец дена да се работе.
ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Пртеседателе генерално имаш проблем, реши си ги проблемите , вија забелешки не ги сфаќај негативно, позитивно свани ги
РИСТО САКАЛИЕВ :Колега ја знам дека имам проблем , сите имаме проблеми . Проблемите заеднички , треба заеднички да ги решиме .
Одиме сега со точките од Дневниот ред и дискусиите по сите точки ќе ги образлагаме , ако има забелешки.

Ваквиот Дневен ред го ставам на гласање. Има ли против и воздржани? Нема.

Значи ние сме едногласни за ваквиот дневен ред.

1.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година:
Колеги отварам расправа .Дали некој бара збор? Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Дали има против и воздржани, заедно со Амандманот. Нема воздржани и против, едногласно за. Констатирам дека точката број 1 е усвоена со 19 за.
2.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;
Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање . Дали има против и воздржани? Доколку нема против и воздржани утврдуваме 19 за .
3.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2021 година;
Колеги отварам расправа. Не бара никој збор точката ја ставам на гласање . Дали има воздржани и против?Нема утврдуваме едногласна одлука, 19 за.
4.Предлог-Програма за изменување и дополнување на програмата за комунални дејности за 2021 година .
Отварам расправа .
ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Сакам да питам дали Локална Самоуправа Кавадарци и Општина Кавадарци има Комисија што се грижe и што ги посетуе објектите што се у сопственост на Општина Кавадарци . Дали има таква Комисија? И еве еден апел до тебе Претседателе и од селото Мрежичко, пред да одиш за селото Мрежичко да го посетиш селото Бојанчиште , да го видиш школото старо у Бојанчиште . Тоа е имот на Општина Кавадарци. Ќе те молам да го посетиш и за другата седница да ми кажиш како го затекна школото , у каква состојба е и шо се праве таму . Само толку, а за другата седница ќе чекам извештај од тебе Претседателе и ќе ги запознаам колегите сите . Ви благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колега . Дали друг бара збор по оваа точка ? Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање . Дали има воздржани и против?Нема едногласна одлука 19 за .
5.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за Одлуката за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;
Колеги отварам расправа .Никој не бара збор точката ја ставам на гласање . Дали има воздржани и против?Нема, едногласна одлука .

6.Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Во врска со Предлог Одлуката претпоставувам направивте лапсус при читањето со Деловникот на Општина Кавадарци, сметам дека ова е закаснета одлука , ние веќе држиме онлајн седници , можеби порано требаше да го смениме Деловникот и друго вака би советувала да ги прочитате правните одредби за држење на онлајн седници , посебно делот на изјаснување на советниците за гласање. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги претходниот пат дадовме Предлог-Одлука за измените во Деловникот и сега само тие ги утврдуваме . Јас сега ги немам. Сега ќе ја прочитам измената.

Измената е гласањето на член на совет на информатичко комуникациска технологија врска со известување на повик на Претседателот на Совет со за, против, воздржан по прашањето за кое се гласа советникот, одлучува советникот . Значи гласањето како ве повикувам поединечно да гласате , тоа е измената , значи можеме да комуницираме електронски и повикувањето за гласање.

Сега одиме со гласање или има друг за дискусија ? Колеги доколку нема друг збор точката 6 ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против? Значи нема воздржани и против и логички е дека 19 се за .

7.Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци;

Отварам расправа по точка број 7. Дали бара некој збор?

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседателе на Совет , почитувани советници, почитувани граѓани и служби по точката 7 станува збор за урбанистички план вон населено место, тоа е викано место Прогонот , станува збор, на приватна иницијатива за носење, дополнување на план од компанијата Слога – Пром односно постоечките објекти на Слога пред Дрекселмајер, луѓето си дооформуваат градежна парцела во делот на нивната парцела за градење, веројатно на проширување на дејноста, на нивната дејност.Не станува збор за ништо друго , станува збор за приватна иницијатива од Слога – Пром во склоп на нивната приватна парцела и донесување на урбанистички план со содржаните к.п. број коишто се наменети во делот на таа урбанизација. Овој урбанистички план е почнат пред две години, за жал урбанистичките планеви одат многу споро во нашата држава, меѓутоа еве ова е еден план којштo е донесен во интерес на развој на економијата. Приватна иницијатаива , пак ќе повторам и за нас комплетно оправдано во делот на развојот на економијата исто во согласност со сите критериуми и прописи и денеска стигна и согласноста од Министерството за транспорт и врски токму во 12 часот и 4 минути, за тоа беше и дискутабилно дали ќе биде на денешниот совет или на наредниот совет истата точка .Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ:Дали има по оваа точка уште некој да бара збор . Колеги доколку никој не бара збор точката 7 ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против? Нема , едногласна одлука за точка број 7.
8.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
Колеги отварам расправа . Дали некој од колегите бара збор? Не бара никој одиме со гласање . Има ли воздржани и против? Нема , утврдуваме едногласна одлука и по точка број 8.
9.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;
Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој . Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против? Нема, едногласни и во точка број 9.
ГРАДОНАЧАЛНИК:Во интерес на јавноста со Предлогот- програма за изменување која што сега го изгласавме и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема јас сакам еве и јавно тука се и медиумите застапени, да сите заинтересирани странки кои што ги има во Општина Кавадарци и сакаат да постават урбана опрема, односно се однесува монтажна урбана опрема во делот на вршење на јавна дејност, угостителство или било што, поготово на повеќенаменскатата патека од Ваташа до Моклиште да дојдат во Општина Кавадарци во секторот за комунална изградба и секторот за урбанизам да ги видат скиците , да си ги видат ценовниците дколку има заинтересирани , нека биде ова јавен повик за сите транспарентно да ги видат цените и нормално да дадат нивна понуда во делот на поставувањето на опрема.Тоа би значело од времен карактер, односно веројатно од месец април средина или мај после донесувањето на оваа одлука , па се до пред почетокот на зимата, да може да си постават опрема каде што сите наши соограѓани кои што ќе рекреираат на таа патека да може да имаат простор за да се одморат, за кафенце, за сокче или за слични работи.Благодарам .
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА :Градоначалник сакам да прашам ако може да дополните, претходно нели имавме 6 локации за вакви и сега плус 3 во тој дел? Благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да локациите претходни си важат, ова е дополнување , конкретно станува збор за над 12-те Младинци споменикот каде што ја имаме изградено таа бина и покриен простор, тоалет и шанк . Станува збор за дополнителни 3 локации, коишто Општината има простор да ги издаде на јавна површина за да се дополнат со содржини, така да претходните локации си важат, ова е плус 3 локации во интерес на Општината . Кога ги спомнавме виќе и споменикот на 12 Младинци сакам како Совет, а и јаноста да ја информирам дека Домот на Културата заедно со Министерството за култура добивме заеднички проект коофинансиран од Општина Кавадарци, подржан од Владата и Министерството за култура за доуредување на споменикот на 12 Младинци односно и сами знаете дека во минатото таму тие бронзени бисти, кои што беа поставени и мозаици беа украдени уште пред 6-7 години така да направивме проект кадешто се одобрија средства, проектот е одобрен, да

можеме да го докомплетираме споменикот , да изградиме бисти и некои релјефи во склоп на самиот споменик. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник . Дали друг бара збор по ова точка? Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање . Дали има воздржани и против? Нема едногласно за .

10.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од надоместок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса;

Отварам расправа по ова точка .Дали некој бара збор? Не бара никој збор. Информација за јавноста. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани со почетокот на пандемијата Општина Кавадарци заедно со Советот ја следи цела ситуација и континурано вршиме дополнување на оваа точка се додека трае ограничувањето во однос на пандемијата , со работното време, со полицискиот час, со протоколите и мерките кои што ги имаат јавните објекти во делот на социјалната дистанца и со 50 %.... нели што треба да работат, истата мерка еве информација за сите корисници на јавна површина, значи ова што ќе се изгласа е 50 % намалување на цената за јавни површини, така да сите корисници на јавната површина, поготово во угостителските објекти и други намени кои што ја користат со 50 % Општина Кавадрарци се откажува од својот приход, така да можам да потенцирам и да кажам дека во ова година дена скоро, намалувањето на комуналната такса за 50 % Општина Кавадарци индиректно помага во делот на угостителството и во делот на луѓето коишто користат јавно- прометна површина, некаде за година дена со откажувањето од 50 % е над 3 500 000 денари . Ова ѓе трае се додека траат рестриктивните мерки во делот на пандемијата . Со укинувањето на мерките нормално дека цената ќе си дојде во нормална граница согласно правилниците и условите кои што ги има Општината .Благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги дали друг бара збор по ова точка ? Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против? Нема утврдуваме едногласна одлука .

11.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување во врска со судски предмет П4 бр.12/21, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам расправа.Дали некој бара збор?Не бара никој, одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема, утврдуваме едногласна одлука.

12. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.5/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам расправа. Дали има некој за збор? Доколку нема никој точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против?Нема, утврдуваме едногласна одлука .

13.. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.5/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Колеги отварам расправа.Дали некој бара збор?Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против?Нема, утврдуваме едногласна одлука.

14.Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на закупнина;

Отварам расправа. Нема никој за збор. Одиме со гласање . Има ли воздржани и против? Нема , едногласна одлука по точка 15 .

15.Предлог-Одлука за обесштетување на сопственици на деловни објекти лоцирани на Градски Зелен Пазар Кавадарци, заедно со Амандман .

Одиме со расправа . Дали некој бара збор?

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ:Едно прашање до Градоначалникот Линеарно ли ќе бидат обештетени сите исто или како е планот на Општина Кавадарци? Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Благодарам за прашањето, секако имав намера да го образложам, пошто е во интерес на јавноста и нормално е во интерес на оние коишто имаат имот во делот на Градскиот Пазар кој се гради .Точката што беше 14 претходно беше.Предлог-Одлука за ослободување од плаќање цена за закупнина. Тоа станува за наши објекти во сопственост на Општина Кавадарци коишто ги имаме издадено под закуп, а не се во можност да ја вршат нивната дејност во овој период додека се гради првата фаза од пазарот , истата точка 15 станува збор за објекти на Зелен Пазар коишто не можат да ја вршат својата дејност поради изградба на првата фаза од пазарот . Комисија од Општина Кавадарци составена од минимално три члена беше на терен, сите објекти ги посети, извадоа имотни листови, сопственици од објектите, направија увид и сите објекти коишто во моментот не можат да ја вршат дејноста поради тоа што ние правиме сега прва фаза заштитна зона со бушење на над 40 бунари и бетонирање до самите нивни објекти, тие објекти ги обештетуваме за надомест на кирија . Надоместот на кирија е врз основа на направена проценка од овластен проценител и мислам дека цената која што е утврдена по метар2, којшто претходно они го издавале или го работеле самите себе врз основа на направената проценка Методологија е 600 денари по метар2 за месец дена. Одлуката која што ја носиме денеска е ставена за временски период подолг , јас очекувам да тие објекти со завршувањето на првата фаза односно на заштитната зона на пазарот на т.н. бунари коишто треба да се избетонираат, после тоа им биде овозможено да функционираат . Со самиот ден кога ќе биде овозможено да функционираат оваа одлука ќе престане нејзиното важење и ќе може нормално да си работат со нивните дуќани, значи пак ќе повторам сите оние дуќани коишто во моментов не функционираат ради нашата бариера која што е поставена во делот на изградба на пазар, тие што си работат имаат пристап, тие не се обештетуваат. Тоа е направена Комисија и во согласност со сопствениците во сите нивни работи, а во интерес пак ќе повторам и нивен и наш за изградба на пазарот, јас еве да се заблагодарам и на сите нив, коишто пројавија еден позитивен момент да бидат само обесштетени со кирија, пошто свесни се дека мора тоа еднаш да се изграде, времето кое што ќе трае првата фаза не би требало да биде повеќе од 3

месеци, али придобивките коишто ќе ги имаме после изградбата на пазарот ќе бидат од заеднички интерес. Благодарам .

Дали некој друг има збор по точка 15. Доколку не бара одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема . Едногласна одлука .

16.Предлог-Одлука за основање на Доброволно Противпожарно Друштво„ Сашко Гешовски„ Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Градоначалникот ако сака да даде подетално појаснување.

ГРАДОНАЧАЛНИК:На иницијатива моја и на Командирот на Противпожарната единица основаме Доброволно Противпожарно Друштво, коешто ќе биде сочинето со сите чинители на невладина организација, спортски здруженија како што се Тиквешки Точкаџии, планинарски друштва , спортски објекти, Сојузот на спортови на Општина Кавадарци и сите други коишто сакаат да се вклучат. Целта на ова Друштво е пред се да направиме доброволно, волонтерско Противпожарно Друштво . Очекувањата се да имаме повеќе од 100-150 евидентни волонтери во друштвото . Друштвото има Правилник за работа и за функционирање. Прво е во нашата држава, да како што рековте меѓутоа тоа ќе биде од големо значење, пошто знаете дека оправданоста нема што да ја коментирам во овој дел . Значи и ние дел од пожарникарите ќе ги задолжиме да вршат обука на овие волонтери. Сите волонтери да бидат обучени до нивната спрема и до нивниот ризик кој што треба да го сносат нормално под контрола на нашето Противпожарна Единица која што ја имаме во град Кавадарци, ќе се изготви апликација, којашто апликација ќе ја има секој волонтер којшто сака да учествува во ова друштво на неговиот мобилен телефон, компјутер или апарат, во даден момент од недај боже, е ова е тоа логото коешто ќе го има доброволното друштво, значи во даден момент доколку има загрозување од елементарна непогода , поплави, пожар, земјотрес или било што, тие ќе добијат сигнал на таа апликација и според нивните можности нормално незадолжително, меѓутоа доброволно секој да се пријави во Пожарната во најбрз можен рок каде што ќе има Командна Единица, која што ќе ги распореди на места каде што ќе треба да интервенираат или да дадат свој придонес. Исто така сите доброволци, коишто ќе бидат членови на ова друштво ќе си имаат своја вип картичка, односно членска картичка со нивно име и презиме со слика, кадешто Општина Кавадарци договара да имаат и некои привилегии во јавните институции во делот на Општината, нормално Општината заедно со нејзиниот буџет и од добротворни цели ќе гледаме ова доброволно друштво прво да го опремиме со опрема , односно со униформа, заштитна униформа, опрема , а понатаки има доста европски фондови , а и други фондови кадешто можеме да зимаме и да добиваме донации доста во делот на правењето на ова доброволно друштво. Ова е практика и пракса која што постои во Европа веќе, кај нас ќе бидеме прва општина којашто го оформува ова друштво, верувам дека ќе има и другите општини ќе го направат како доброволно друштво и воедно сакам да кажам и да се заблагодарам на семејството на нашиот сограѓанин што го имавме и е една од првите жртви во Поранешна СФРЈ Сашко Гешовски за нивната согласност за ова доброволно друштво да го има токму за име неговото име

Сашко Гешовски, во негова чест и да можеме понатаки таа една неправда којашто минатово е направена на тоа семејство, а е од големо значење еве неговото име да биде вечно и нормално да во неговите придонеси за заштита на тогашната Република СФРЈ или сегашната наша држава учествува во делот на јавноста . Така да мислам дека позитивни се сите моменти во делот на формирањето на друштвото, интересот е голем, сите здрженија ќе бидат вклучени и мислам дека ќе биде од интерес на граѓаните на Општина Кавадарци. Благодарам.

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Значи Градоначалниче воа ќе си биде на доброволна база, финансирањето како ќе му биде, со спонзорства , од Општината, средства од кај ќе прибираат и вака една работа се надевам дека ова Доброволно Друштво да дае Господ никогаш да нема работа никогаш. Вакви доброволни друштва има во Хрватска многу.Отворите на Гугл што се деси на ... во Хрватска со тие доброволни друштва , 5 години не може да се извлечат од хаосот што го направија таму, ипак тоа ќе бидат деца , нема да бидат обучени, колку ќе бидат обучени јас незнам . Да не ме разберите погрешно ја немам ништо со тоа , нека се основа Доброволно Друштво. Не дај Боже, пак ќе кажам, да даде Господ никогаш да немат работа , никогаш, иначе пожарникар е пожарникар он си е обучен за ваа работа, а таму ќе влезат деца од 18 години, од 20 години , а деца ка деца се ногу храбри, не дај боже да се десе нешто со воа Доброволно Друштво, значи Градоначалниче како татко на градот , треба точно да ги определиш целите на воа Доброволно Друштво, да не се доведат во ситуација они да трчат пред пожарникарите . Ка татко на градот и како Градоначалник ти ќе имаш проблеми после . Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Финансирањето на Друштвото ќе биде на доброволна база, нормално ние како Општина понатаки можеме да го подржуваме и како Противпожарна Единица ќе се подржува . Во делот на она што го спомнавте на младост и на храброста во право сте. Значи како што видовте во материјалот имате комплетно изготвен материјал со членови и со закони за доброволни противпожарни здруженија . Ни во еден момент, ни во еден случај нема да се дозволи да ни еден волонтер биде пред професионалните пожарникари. Системот функционира кај нас, знајте дека има 27 активни пожарникари , во дадени моменти кога има поголеми пожари ни помагаат и граѓаните , ни помага и ЈП Комуналец кои воопшто не се стручни за гасење за пожарот, ризикот е поголем во таков момент, но сега во овие 3 и пол години функционирање и дигање на противпожарната единица на ниво може да се каже е меѓу најдобрите во државата . Да се заблагодариме и на пожарникарите , меѓутоа и на сите граѓани , а и фала богу не сме имале ниту еден, ниту повреден пожарникар , ниту приправник, а и можам слободно да кажам да не се подречиме не сме имале повреден или смртен случај во делот на опожарени куќи, гасење трака да интервенициите се на време и од пријавување на граѓаните и од реакцијата на нашата Противпожарна Единица заедно со другите припадници, како брза помош, полиција итн. Гледате и слушате вести секојдневно дека во пожари и тоа во банални пожари се губат доста животи во нашето соседство, во други градови имавме повредени, починати , пожарникар во Штип професионалец кој што падна од кровна конструкција . така да

степенот и ризикот на влегување во пожар во елементарна непогода или во било каква акција ќе биде строго контролирана од професионалните пожарникари . Така да овие волонтери ни во еден случај нема да бидат пуштени на ризик, ниту во првата зона на гаснење на пожар, за гаснење на пожар се знае дека тоа мора да биде опремен, обучен пожарникар со трегери за кислород , со опрема против запалување и со целокупната негова опрема влегува во гасењето на пожарот во затворен или отворен објект . Овие волонтери ни требаат најмногу за логистика , околу поставување на линии за гаснење , околу дополнување на вода и за ред други работи како што и кажавте дај боже никогаш да не ни затребаат активно, меѓутоа не е целта само да користиме само во делот на нивната активност. Ова Противпожарно Друштво во склоп со Противпожарната Единица ќе имаат Програма и План за работа годишен, покрај нивните обуки кои што се прават, ќе имаат и вежби , ќе имаат обука , ќе имаат дружби, нормално соодветно согласно оваа пандемијата кога ќе помине, така да можеме да имаме пикник, денови, фамилијарни денови, дружби со нив, организирање на некои колективни игри, така да ова е сепак и социјален момент, меѓутоа и момент на доброволноста пошто сами знаете во времето на Југославија сите фирми и сите луѓе биле на некој начин заагажирани во делот на општеството и тоа волонтерски, самозаштита или било како. Со 27 пожарникари сите да ти се на работа било како, во еден момент недај боже во поголема елементарна непогода пожар и поплава не можиш да се справиш во ниту еден слуцај, така да ова е пак ќе повторам еден многу голем пример, гест како треба да се вклучиме во општеството , нормално со правила и правилници кои што ги има во делот на ризикот и во делот на уптребата на средствата за гаснење на пожар. Нема да ги разредиме овие луѓе, поготово младиве да бидат во нивна животна опасност за загрозување на нивната безбедност. Еве јас лично ќе се вклучам како волонтер во делот на ова волонтерско друштво и ќе бидам меѓу првите членови кои ќе му биде чест да некогаш можам да помогнам во делот на јавната заштита на граѓаните. Благодарам.

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ:Еве уште нешто Градоначалниче. Благодарам за исцрпниот одговор. Ти мене ми делујш ка да си командир на Противожарна Бригада, командир има ли у Кавадарци. Оти за 3 и пол години го немаме видено Командирот тука на Совет да дојде и една работа сам кажа дека кавдаречката Противпожарна Бригада е една од најдобрите у Македонија. Така ли е Градоначалниче? Кавдаречката Противпожарна Бригада за да знаат луѓето 16 решенија доби за вработување .Кавдаречката противпожарна Бригада доби основни средства за работа, сега последен пат од ЦУК Центарот за управување со кризи, мислам дека овој Совет заслужуе Командирот еднаш да дојде и да ни каже што се праве во таа Противпожарна Бригада , ја знам дека ти ќе ми го кажиш тоа ја сакам Командирот да дојде еднаш . Сега гледам иницијатива на Командирот и ваша Градоначалниче . Мислам дека вија совет заслужи за 3 и пол години да го видиме ни Командирот на Противпожарната Бригада, ипак зима плата од ваа држава , па да ни го објаснеше воа сето стручно, а не да се трудиш ти пола саат да нии објаснујш како шо ќе биде, он за тоа зима плата, он за тоа зима плата да ни каже како вија доброволци ќе ги

обучуваат, па дали тија ќе ги обучуваат додека се луѓето на работа или ван работа, па тие луѓе имаат и друга работа, па некој треба да му плате дневници на тие луѓе. За 3 и пол години Градоначалниче твојот Командир на Противпожарна Бригада ниеднаш нема учествувано на Совет на Општина Кавадарци . Мислам дека тоа е критика , али позитивна критика, има време да се поправе, ни може нема да бидеме советници за шест месеци, ќе дојдат некои други, обавеза негова е да биде присутен на Совет и да слуша што се дебатира на Совет и истиот тија командир е вработен со тие 16 вработувања, истиот тија командир е дужен на Советот на Општина и да присуствуе и да дебатира поготво он не е на ваква клучна точка, кај што се прае доброволно друштво за првпат у Македонија и неговиот град, неговата Противпожарна Бригада ќе го воде овој проект , он си дозволи Градоначалникот да објаснуе како ќе биде, каде е стручноста . Пак ќе кажам немам ништо против него. Немам ништо против Пожарната Бригада , немам ништо против Командирот мислам дека одлично си ја обавува работата, али дужен е за негова точка , за негова институција да му образложе на луѓето за што се работе . Градоначалниче спомна 150 луѓе, тоа се очекува х 400, тоа се 600 луѓе, 150 фамилии. Ја имам дете тинејџер, може нема ни да ми каже кога ќе се зачлене у воа друштво доброволно. Се слагаш ли со мене?А некој треба да ми каже како ќе биде .

ГРАДОНАЧАЛНИК :Вака сега да се доизнасниме, ние сега носиме Одлука за основање Доброволно Противпожарно Друштво Сашо Гешовски основач на истото друштво е Општина Кавадарци, Сојуз на спортови на Кавадарци, Здружение за развој и унапредување на велосипедизмот, Алтернативен туризам Тиквешки Точкации, Планинарско Друштво Орле и Здружение на спортски активности Бригада 12 Лозари , тоа се исто основачите на Противпожарно Друштво.Со Противпожарното Друштво, затоа што рековме дека треба да биде професионално у член 4 точно стое дека Претседателот на Доброволното Противпожарно Друштво е Александар Чадамов командир од Противпожарна Единица со мандат од 4 години , така да на 6 мај на денот на загинувањето на Сашо Гешовски ќе има јавна презентација , промоција на ова Друштво доброволно заедно со сите основачи,заедно со вас советниците, заедно со командирот на Територијалната Противпожарна Единица и тогаш сите работи ќе бидат објаснети и кажани и усогласени. Немојте да се плашете од доброволноста и волонтерството и јас имам тинејџер на иста воздраст исто како и вие, да се здрави и живи сите деца, би го вклучил во ова волонтерство пошто кажав дека тука ризикот по нивната работа нема да биде, ја мислам дека повеќе ризик има во тоа што се дружат и прават дружби, него ли да учествуваат во ова волонтерско Друштво, да бидат обучени и покрај другаувањето да имат еден нух за хуманитарност, еден нух за социјална помош, а и самите знаете, јас сум млад да зборам за ова ја имам, повоздрасни има тука колку доброволни друштва и колку доброволни акции во времето на Југославија се правеле и какви не работи малтене се изградени и се направенни од тие добротворни друштва, значи овој момент каде што имаме маса на луѓе, каде што треба да ги искористиме во доброволни цели, дали во екологија, дали во противпожарна заштита , дали во делот на било кој јавен интерес, можеме да биде само во голема позитива и да нашите деца ги

научиме во една нормална средина и граница, да се почитуваат , дружат или помагаат на отштеството. И сами знаете со ова образование онлајн со вклучување во ова пандемија децава веќе се со друг код , каде што изгубија другарство, пријателство, дружби, почитување на возраст, почитување на наставници и други, така да ја мислам дека кога оваа пандемија ќе помине треба да правиме што повеќе вакви здруженија, дали е противпожарно, дали е еколошко, а и мислам дека доста има во нашата општина, 40 кои се активни и вооедно Општина Кавадарци морам да потенцирам и да кажам заедно со УНДП сите невладини организации , како што се овие здруженија што се формираат ги подржува со 120 000 долари во делот на двогодишна програма. Тоа е перципирано од УНДП и Општина Кавадарци уште со самото наше доаѓање, а во делот на активноста на команирот Александар Чадамов којшто претходно е припадник на Специјалните Единици на МВР и има режим и култура армиска, мислам дека, ја често ја посетувам Противпожарната Единица, знајме некогаш да играјме и табла таму и да се занимаваме и да се дружиме и кафе да пиеме , тоа е еден дом , каде што треба на сите нас да ни биде достапен , затоа што Противпожарната единица постои само во интерес на граѓаните. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме Градоначалник на исцрпното излагање доколку нема друг за збор точката 16 ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против? Нема едногласна одлука .

17. Предлог-Програма за дејствување на Доброволно противпожарно друштво Сашко Гешовски Кавадарци

Отварам расправа . Дали некој бара збор? Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против? Нема , едногласна одлука .

18.Предлог- измена и дополнување на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.Има ли воздржани и против?Нема едногласна одлука и за точка 18.

19.Предлог-Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвертар, сопственост на Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против ?Нема едногласна одлука за точка број 19.

20.Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци .

Отварам расправа.

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА:Јас би сакала да објасните Претседателе Претпоставувам дека вие како Претседател на Комисијата за спорт во што се состојат измените.

РИСТО САКАЛИЕВ:Колеги вака правиме усогласување едниот дел од Програмата за спорт го даваме по оглас , се пријавуваат клубовите, другиот дел е Сојуз на Спортови . У Програмата на Сојуз на спортови стававме манифестации, 3-4 манифестации беа дефинирани со точна сума на пари и сега како се зголемуваат манифестациите буџетот на пари го даваме на

Управниот Одбор на Сојуз на спортови да ги подели у текот на годината према потребите и тоа се измените. Значи претходно беше утврдено Вуко Каров , Сестри Китеви , тие 4-5 манифестации со точни суми од Советот. Сега даваме малку на важност на Сојуз на спортови и Управниот Одбор и таа сума од пари тие по потреба годишно се сумираат и носат одлука према барањата што ги доставуваат граѓаните , значи потоа Сојуз на спортови си го доставува Извештајот, а ние како Комисија за спорт и потоа Советот и ние ги даваме средствата и ние ги оправдуваме . Тоа е измената. Дали некој друг бара појаснување .

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Значи ние само ќе ги усвојуваме нивните одлуки на Управниот Одбор на Сојуз на спортови, тие ќе го определат изностт точен не како досега?

РИСТО САКАЛИЕВ: Значи ние сега ставаме во Програмата за спорт, Сојуз на спортови ставаме сума од 700 000 денари и имаме проекти, професори, ова , она и еден дел имаме манифестации и манифестациите имаат 300 000 , тие манифестации се набројани 5-6 -10 манифестации. Оваа година може некоја манифестација да не се одржи, ради корона , ради проблем и парите ги делиме по манифестација по поднесени барања од граѓаните .Значи Сојуз на спортови тој буџет на пари преку Управниот Одбор одлучуваат на која манифестација , колку пари .

Дали некој бара збор. Ако не бара Градоначалникот бара збор за негово видување.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас сакам само да потенцирам и да кажам во делот на спортот и нашата заслуга како Градоначалник и овој Совет целокупен од 19 советници на чело со Претседателот Општина Кавадарци со доаѓањето на нашиот мандат, градоначалнички и советнички вкупниот буџет за подршка за спортовите е на 12 000 000 денари . Претходно Општина Кавадарци за развој на спортот во Општината Кавадарци давала сума од 2 000 000 денари така да ние како Совет , како Општина успеавме во овие 3,5 години односно еве 4-та година по 12 000 000 да подржуваме на спортот, тоа мислам дека е правилна одлука , правилно насочување на средствата, нема спортски клуб без разлика на неговата дисциплина и категорија, кој што не добива подршка од Општина Кавадарци за негово функционирање . Така да мислам дека во делот на развивање на спортот ова е прав пример како треба една општина да одвојува средства за спортот во делот на општината .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник и поголема работа од овие 12 000 000 што и јас на почеток на мандат не ги очекував од Градоначалникот значи сум пријатно изненаден е подршката на спортската сала Јасмин, реконструкција на сала Партизан, уредување на спортскиот центар и тоа се повеќе, неколкупати повеќе пари од овие што ги делиме во спортот . Тоа се пари во спортот и уште добра работа што стигнува и од Министерство и од Влада на Р. С. Македонија овие ваучери што никогаш не сме ги ставиле во обзир дека може државата да помага во спортот се многу голема работа, многу убава работа и ние можеме само да упатиме благодарност до Влада на Р.СМакедонија, до Градоначалникот, до Советот и гледаме дека текот на нашето живеење дека спортот го добива своето место во општеството и ова

ќе ги принуди децата да спортуваат и градбата на здрави кадри, на убави деца е пред нас. Благодариме Градоначалник. Можеме ли сега да гласаме по точка број 20? Колеги има ли воздржани и против? Нема значи утврдуваме 19 за .

21.Годишен Извештај со арх.бр.02-288/2 од 11.03.2021 за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Доколку никој не бара збор точка 21 ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против? Не , едногласна одлука по точка 21.

22.Одлука за заложување со арх.бр.02-322/3 од 22.03.2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Колеги отварам расправа.Нема некој за збор, точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема, едногласна одлука .

23.Предлог-Измена и дополнување на Годишен План за вработување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ЈП„Комуналец „ Кавадарци.

Колеги отварам расправа .Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема . Утврдуваме 19 за .

24. Одлука со арх.бр.02-354/4 од 26.03.2021 година за донација на Градски фудбалски клуб 1930 Тиквеш Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

Колеги отварам расправа.

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ: Оваа донација е во износ од 100 000 денари, така нели?Воа ми се чини е второпат или третпат како Комуналец му дава средства така?

РИСТО САКАЛИЕВ:Не минатиот пат беше на Ракометниот клуб, сега на фудбалскиот, првпат и на едните и на другите .Ланска година беа.

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ:Значи не е првпат , значи му дадоме донација преку Управен Одбор да добијат донација преку Синдикатот. Еве вака сега . Градоначалникот сам рече од ка станал Градоначалник и ни како Совет за 6 пати се зголемени се средствата во спортот така?Како Управниот Одбор на Комуналец не се сетил овие 100 000 денари да ги даде, да ги донира, на пример во болницата во Кавадарци , да купат тестови за корона и ќе ви кажам зошто го викам воа . Значи не сум против спортот, а мислам дека некои работи се претеруваат веќе и тоа дебело се претеруваат . Фудбалскиот клуб Тиквеш добива 6 000 000 денари од Општина Кавадарци секоја година се слагаш ли со мене Претседателе?Благодарам ако се слагаш.Сума сумарум фудбалскиот клуб Тиквеш у годината троше општински пари од 9-10 000 000 денари, 8 000 000 денари. Лани правевме ребаланс на буџетот. Не се 6 000 000 Градоначалниче, точно знам колку се , повеќе од 6 се , да не ги вадам сега документите, па луѓе, еве апел до советниците отидите кај Раководителот за спорт во Општина Кавадарци, нека ви ги даде платите на фудбалерите од Градски Фудбалски Клуб Тиквеш , па малце вијте . 100 000 денари на фудбалскиот клуб Тиквеш не му значат ништо, никој не може да ме

убеде дека му значат нешто, ништо не му значат . Ја ќе гласам за воа . Прекините со вакви работи, луѓето у пандемија, има социјални случаи, социјални категории, се повеќе и повеќе ни се полне на Слога она народна кујна, се повеќе и повеќе, купите тестови, истестирајте ги луѓето у Комуналец.. Апел до советниците земите си таму, па вијте кој колку плата зима , ни за 16 000 тука зимате паушал, таму има плати по 66 000 денара. Фудбалски Клуб Тиквеш дава плати , 70 % од прва лига не даваат такви плати , у време на пандемија 3 пат е воа што му дава Комуналец пари и аман виќе кога ќе дојде една точка од Управниот Одбор на Комуналец да му се каче на обичниот работник од Комуналец платата за 5 000 денари, ќе дојде ли барем еднаш една таква точка, еднаш една таква точка да дојде и еве прашање до Градоначалникот знам дека има некои најави да му се покаче платата на оптштите работници на Комуналец , не на шефови, на службеници , еве го Јосо го гледам тука колегата , тука е и Развигор колегата советник, дај бе Јосо, Развигор па притискајте бе луѓе да му се каче платата на луѓето таму. Како вие се согласувате со ова секој Управен Одбор има донација од 100 000 денара. За болен ќе дадиме на 3 –те години еднаш, за фудбал, за воа, за ноа секој совет по 100 000 денара.. Па таму работите бре луѓе , па ангажирајте се малце, од таму плата зимате . Клубот та клубот, ами за 4 години 250 000 евра пари имат потрошено. Има ли тија клуб дојдено на советниците да им изразе благодарност за ваа соработка што ја имаме во вија 4 години, ги имате ли видено како советници или Градоначалникот ги покрива за се и готово, имате ли видено истиот тија клуб да дојде и да ни даде по едно знаменце на ФК Тиквеш . Нема . Нели заслужујме како совет бар да не испоштуват малце, да речат слушате бре луѓе, тие не се наши пари, тие се пари на граѓаните, слушајте бре луѓе не гласате комплет , никавкви проблеми нема никако, еве по едно знаменце и ви сте Кавдарчани, еве по едно знаменце од ФК Тиквеш. Не. Принципиелно ви го зборувам тоа у време на пандемија, а имат пари, сеа требеше ако не беше опструкцијата у Собранието, требеше и ваучер да му се реализира од 500 000 денара, а ќе му се реализира и тија ваучер на пари. И дај виќе прекините со вакви работи и сакам само Градоначалникот да ми одговоре само кога че се покаче платата на работниците во Комуналец . Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Благодарам за прашањата .Прво би одговорил за Фудбалскиот Клуб Тиквеш . Ја тука би потенцирал неколку работи покрај плативе кои што ги има да, има тоа е јавно и транспарентно и достапно имаме играчи од 20 000 денари до 65 000 денари, тоа нема никаква дилема тука . Нашиот Фудбалски Клуб пред 3 години го земавме, да се разбереме тоа е Градски Фудбалски Клуб, не е ничиј, него е на Општина Кавадарци, исто и Ракометниот Клуб Општина Кавадарци е 51 % основач на Градскиот Ракометен Клуб. Кога го преземавме клубот беше во една завидна ситуација, лоша, успеавме во овие 3 години да се избориме тимски заедно со Претседателот на Клубот, со фудбалерите кои што ги имавме и ги имаме сега да стигниме до бараж. Баражот игравме со прволигаш

каде што успеавме да дадеме и 2 гола за жал не успеавме во баражот и сеуште сме во втора лига . Нашата тенденција и промоција на клубот е Кавадарци како спортски град и град кој што од секогаш имал фудбал на ниво го вратиме тој сјај во делот на спортот фудбалот и влезиме во прва лига . Градскиот Фудбалски Клуб вкупен буџет од 10 000 000 денари , 6 000 000 денари дава Општина Кавадарци за подршка на клубот, никогаш не дала повеќе, другите средстава ги обезбедува со ваучер од Агенцијата за малади и спорт и од Владата, коишто се некаде околу 3 000 000 денари , 2,5- 3 000 000 зависи од годината за ваучерот и другите средства ги обезбедува од донации, имавме поголем прилив на донации претходните години и од Дрексермајер и од многу други компании коишто ни купуваат и дресови и опрема и сите работи, меѓутоа не смееме да заборавиме и да кажиме дека после 40 години Агенцијата за млади и спорт на Р.С. Македонија ни овозможи средства од 230 000 евра за реконструкција на целокупниот стадион односно за градење на дренажа, систем за наводнување, нов травник и автоматско наводнување што е голема придобивка за самите играчи , за културата и за нивото на спортот во Кавадарци. Исто така не смееме да заборавиме и да се заблагодариме на Фудбалската Федерација на Републиката начело со Амети Претседателот, каде што добивме скоро 300. 000 евра за изградба на западна и јужна трибина која што е во завршна фаза , така да не само ние како општина што даваме подршка на фудбалот и државата и Фудбалската федерација го пратат сето тоа заедно со нас и не подржуваат во делот на фудбалот. Донацијата од Комуналец од 100 000 денари стварно е минорна, минимална меѓутоа повеќе е мотивација и потик за сите други компании да се вклучат во помош на самото донирање во спортот, дали е фудбал или било што . Сакам тука да потенцирам, да кажам во делот на здраствениот биланс во Кавадарци, ние како Општина и јас како Градоначалник, вие како советници дека Општина Кавадарци на чело со Општата Болница и Директорот Диме Коцев, заедно со Министерството за здраство успеавме до ден денешен , дај боже и да продолжи така секој еден пациент да биде згрижен на максимално ниво , имавме еве ситуации наша советничка беше во така посериозна ситуација во делот на Ковидот , мислам дека може да каже на кое ниво функционира болницата и во нашата болница покрај болничкиот персонал во ниту еден момент не недостасува никакви реагенси или било што . Единствена општина сме тоа што правиме 24 часа брзи тестови и сабота и недела . Сакам да потенцирам и да кажам дека Регионалната Стопанска Комора со компаниите заедно со Претседателот Никола Наумов донира 4000 брзи теста , уште пред 2 месеци , Кожувчанка донираше 2000 брзи тестови, Дрексермајер донираше 3000 и Министерството за здраство даде 10 000 брзи тестови на Општина Кавадарци . Секој кој што дошол е услужен , прегледан , тестиран и тука сакам најмногу да се заблагодарам на сите медицински и технички персонал, кој што работи и

функционира во делот на Ковидот , пошто тоа е стварно неиздржлива работа и нивната несебичност и жртвуваност во делот на ковид пациентите . Исто така да потенцираме и да кажеме дека Министерството за здраство изграде Модуларна болница, каде што ЈП Комуналец ја направи цела подлога , инсталацијата за водовод и канализација од негови средства , а Министерството за здраство ја монтира таа модуларна болница и ја опреми и да кажам и да потенцирам дека единствена модуларна болница во цела држава, од сите изградени, која што има централен кислород и грижа на пациентите од Ковид од повисок ранг, за тоа што на Клиника централниот кислород многу му овозможи да имаат подобри услови и на пациентите, меѓутоа и на персоналот во делот на секојдневното функционирање и лечење на пациентите , исто така донација од Фондација Никола Јанчев од 1 500 000 денари . Сите дрегери кои што ги имаме во Општата Болница и имаме за 90 пациенти, дрегери ги викаме оние приклучоци за маски дали на боца, дали на централен кислород се донација од Дрексермајер, бизнис секторот , Општата Болница, тука имаме минимални средства потрошено , и во ниту еден момент не фали ништо во делот на цела ситуација и еден повик еве вака јавно пошто нашата Општа Болница со прошраена дејност е регионална болница каде што ги третираме пациентите и на Општина Росоман, и на Општина Неготино и на Општина Градско да ги повикам градоначалниците од Росоман, Неготино и Демир Капија да земат учество и да дадат придонес во делот на потребите на здраствената ситуација на самата болница.Ова е еден повик и можам да кажам дека досега само Општина Неготино има помогнато со 240 000 денари во донирањето на средстав за потребите на Општа Болница, за ковид потребите зборам конкретно и цело време и гарантирам дека за секој еден пациент од Кавадарци на дневна основа имаме со Кризниот Штаб комуникација за слободни места, за ситуацијата на пациентите и за нивно префрлање заедно на повисоко ниво доколку има потреба, дали во приватна институција или на клиника или на било која друга здраствена институција, нормално тука си определуваат здраствените работници и Директорот според портоколите . Во делот за ЈП Комуналец добра е ова работа, ја дискутираме повеќе време како советници на наредниот совет спремаме ребаланс, спремаме точка, која што ќе биде дадена на разгледување нормално некаде на 15 април мислам дека најдоцна треба да одржиме совет . Од 1ви мај на сите работници во ЈП Комуналец до ниво техничар ќе биде зголемена нето придонес, односно нетото плата за 10 %. Тоа е дополнително на месечно ниво некаде околу 700 000 денари или на годишно ниво околу 8 000 000 денари ќе го оптерете буџетот на Јавното претпријатие, направена е и финансиска анализа, дека тоа е издржливо, дека тоа е оправдано. Така да еве ова е најава за наредниот совет дека 10% ќе биде зголемена платата на сите работници , до ниво техничар, така да на администрација , раководните функции нема да бидат зголемени . Доколку ЈП

Комуналец продолжи со ова динамика и работа која што функционира како до ден денеска и е во добра кондиција и минатата година покрај сите активности коишто ги направивме и јавното претпријатие се вклучи во работи кои што никогаш до сега не ги работел досега , од шахти, сообраќајни знаци , обележување вертикална, хоризонтална сигнализација , одржување на 200 000 метри зелена површина квадрати , реконструкција од сопствени цели, на водовод, на канализација јавното претпријатие е во добра кондиција и оствари добивка од 200 000 евра, така да имаме средства и услови да тие пари ги вратиме назад во претпријатието, поготово на вработените и да потенцирам и да кажам дека нашето претпријатие секоја година како никое претпријатие во државата набавува ХТЗ опрема за сите вработени која што кошта негде околу 3 000 000 денари на годишно ниво. Добра е инцијативата, подржана, мислам дека никој нема да биде против тоа да се покачат плативе , да се зголемат и да тие луѓе имаат подобри примања и нормално подобри третмани, меѓутоа сакам да потенцирам и да кажам дека од есен со ребаланс нас ни е во план покрај ова што ќе ги зголемиме платите во Комуналец да изградиме и нови објекти во самото претпријатие Комуналец за потребите на вработените, пошто во моментов поготово вработените во делот на Хигиена, во делот на Зеленило, во делот на Водовод и оние оперативци коишто одат на терен немаат соодветни услови за нивни работни простории во делот на самото спремање за работа, за облекување на ХТЗ опрема така да ќе направиме една нова не административна, него техничка зграда за сите вработени да имаат соодветни услови во ЈП Комуналец . ЈП Комуналец Кавадарци сами знаете дека успеавме да ја задржиме цената на водата најниско што е можно и можам со гордост да кажам дека сме на најдолното ниво од цена на коштање на вода , поефтина цена за вода во Р.С. Македонија има само Општина Росоман со 1 денар , другите сите се над нас најмалку со 50%, а да не речам и двојно има општини кои што ја наплаќаат цената за водата и канализацијата, така да сме на најниско ниво и функционираме во интерес на граѓаните и пак ќе повторам тоа е благодарение на хидроцентралите кои што ги имаме и благодарение сега на изградбата на новата петта хидроцентрала, која што ќе биде во сопственост на Општина Кавадарци и ЈП Комуналец. Благодарам мислам дека тоа беа прашањата.

РИСТО САКАЛИЕВ: Прво да се заблагодарам на Градоначалникот за исцрпната дискусија , во полза е и на граѓаните ова да го слушнат, ова се позитивни моменти .

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ:Вака многу исцрпно излагање од Градоначалникот . Точката ни беше за донациите на Комуналец и ФК Тиквеш, исцрпно излагање ни даде Градоначалникот, по мое слободна проценка излева дека се што е добро у Кавадарци почна да се праве пред 3- 3,5 години и заслуга е голема на оваа Влада . Еве вака сега , па ќе му реплицирам малце на Градоначалникот, значи се направи терен подржан од централната власт, од Агенцијата за млади и спорт, се прае две

трибини подржани од Фудбалската Федерација на Р.С. Македонија така да не можиш да ме убедиш Градоначалниче дека вија 100 000 денари се многу хитно потребни на Градскиот Фудбалски Клуб Тиквеш, воа капка у море се вија средства, ова може да покријат само некоја дупка и ништо повеќе не можат да направат, ништо, со 100 000 денари не можат да направат ништо и не можиш да ме убедиш за тоа, а еве шо можело да направе Комуналец со вија 100 000 денара на 20 фамилии да му даде по 5 000 денара , 20 фамилии да си го претерат месецот, тоа ми е мене поентата, а ја немам ништо против спортот, за разлика од фудбалот у некои друг спорт Општината не улага ни денар, еве на пример мене ме интересира кошарката , сеа ѓе речите Фени приватна компанија, таму има млади деца, талентирани деца . Зошто Општина Кавадарци да не му даде по 6 000 денари месечно, али не дава.Уште еднаш ќе ве молам у пандемија давајте ги средствата наменски , давајте ги средствата, луѓето мака мачат со воздух не можат да си земат, проблеми 390, сами знајте недај боже да те фане една корона колку пари кошта бре луѓе, наменски давајте ги средствата . ГФК Тиквеш има пари и не може да ме убедите дека 100 000 денари му се хитни скроз. Не му се хитни, има пари . Благодарам . И благодарност еве заборавив до Градоначалникот значи што ќе се покаче значи од 1 мај, значи мало така видливо покачување од 10 % ка шо разбрав на нето плата така? Ако зима рецимо 18 000 денари, сега работникот ќе зима 20 000 денари. Ете блчагодарност и од Градоначалникот и од нас како Совет ако може да ја подобриме бар малку од малку состојбата на вработените во Комуналец. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ:Колега благодариме . Ја оти сум на страната на спортот секогаш во спортот се парите. Ај вака да одиме колеги ако сакате да бидеме хумани имаме доктори во советот, а ти си најамбициозен советник по мое видување , нека извинат другите ако сум грешка, ај ни да покрениме една иницијатива и да решиме како што даваме волонтери, како што даваме времени вработувања во градинки, да дадиме и 5-6 вработувања времени , да ги плаќаме од донации , од буџет на Општина во болница доктор, медицинска сестра , таква инцијатива на советот да дадиме . Не подршка , иницијатива .Ние викаме ако има иницијатива , ако им треба на болницата некоја помош во опрема или било шо им били помогнато, ако им треба персонал може да најдиме средства и за болни, значи кој бара добил, овие не бараат, ако бараат ние ќе најдиме начин. Некоја таква инцијатива повлекува позитивна , ова дека на фудбалерите им е малку плата, 15 000 минимум плата на фудбалер е ништо, ниту е на работа , ниту е спортист, тоа е многу малку. Мене ми смета плата на фудбалер 20 000 и 15 тоа е понижење .Не е за фудбалер.Дека се малку пари се малку. У спортот се секогаш малку.Ние пример ниту ја не верував дека од 2 000 000 денари ќе одиме на 12 и треба да сме задоволни , а треба и да се бориме за 20 . Значи ние викаме секогаш се малку. Сега плата на фудбалер била голема . Не е голема , мала е. Ај сега да

влеваме во дискусии и у кампањи рано е за таа работа, да одиме со гласање на точката. Дали има воздржани и против? Нема , едногласно 19 за.

25. Годишен План за вработување во СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци;

Отварам расправа. Колеги дали некој бара збор? Не бара никој збор одиме со гласање . Има ли воздржани и против? Нема едногласна одлука.

26.Одлука со арх.бр.02-69/4 од 11.03.2021 година за отпис на стари, неупотребливи предмети во училиштето, донесена од Училишен одбор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци.

Отварам расправа. Не бара никој збор одиме со гласање.Воздржани и против нема. Едногласна одлука, 19 за.

27.Годишен План за вработување во ООУ„Димката А Габерот „ с.Ваташа за 2022 година, донесен од Директорот ООУ„Димката А Габерот „ с.Ваташа;

Колеги отварам расправа.Не бара никој збор . Одиме со гласање . Воздржани и против нема, утврдуваме едногласна одлука .

28.Годишен План за вработување во ООУ„Тошо Велков - Пепето „ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Тошо Велков - Пепето „ Кавадарци;;

Отварам расправа.Дали некој бара збор? Не бара никој, одиме со гласање. Воздржани и против нема, утврдуваме едногласна одлука за.29.Годишен План за вработување во ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Страшо Пинџур „ Кавадарци;;

Отварам расправа.Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. Воздржани и против нема , 19 за . 30. Годишен План за вработување во ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Димката Ангелов габерот „ Кавадарци;;

Колеги отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. Воздржани и против дали има?Нема , едногласно 19 за . 31. Годишен План за вработување во ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ„ Тоде Хаџи Тефов „ Кавадарци;;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не одиме со гласање.Има ли воздржани и против? Нема, 19 за .Колеги со ова е исцрпен Дневниот ред.

Седницата ја прогласувам за затворена.

Изготвил :Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев